**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2026 година**

**Скопје, март 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2026 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Азир Алиу, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 22 март 2026 година, со Записник од Втората седница на Групата за процена одржана на 22 март 2026 година, со Предлог-одлука

2. Предлог - одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 22 март 2026 година, со Записник од Втората седница на Групата за процена одржана на 22 март 2026 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 22 март 2026 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија (усогласена со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство).

3. Периодот на постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, е во траење од 30 дена.

4. Да се извести Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка (усогласена со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Секретаријатот за законодавство).

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.